СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Бр. 11-1594/1
26.11.2021 година
С к о п ј е

До
Министерство за внатрешни работи
на Северна Македонија
С к о п ј е

**Предмет: Предлози и коментари по Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за странците**

Почитувани,

Во врска со текстот на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за странци објавен на веб страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 9.11.2021 година, по спроведена консултација и разгледување на предложеното законско решение од страна на компаниите членки на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија, ги проследуваме следните:

**ПРЕДЛОЗИ И КОМЕНТАРИ**
**по Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за странци**

**Член 24**

Во член 90 во ставот (2) точката се менува со запирка и се додаваат зборовите „без притоа да има регистрирано подружница или друга деловна организациона единица на територија на Република Северна Македонија, доколку целокупните активности се реализираат во период до 60 дена."

Во ставот 4 зборовите „една година" се заменуваат со зборовите „шест месеци".

Во ставот 5 зборовите „шест месеци" се заменуваат со зборовите „еден месец".

Ставот 6 се менува и гласи.

(6) Странските работници може да се упатат во Република Северна Македонија за не подолго од 3 години во период од 5 години, освен ако не е поинаку утврдено со овој или друг закон или меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Ставот 8 се брише.

**ПРЕДЛОГ: Воопшто да не се предвидува услов за странските правни лица кои упатуваат работници, односно практиканти, упатениот работник да треба да биде вработен најмалку шест месеци, односно упатениот практикант да биде вработен најмалку еден месец кај странското правно лице.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Според предложената одредба, странското правно лице може да упати работници, односно практиканти исклучиво ако претходно биле вработени кај тоа правно лице најмалку шест месеци, односно еден месец пред упатувањето.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

Постојат примери во практиката кога фабриките на поврзани друштва мораат да пратат вработен или практикант на обука кој само што започнал со работа, па основната обука ја добиваат во нашата држава и доколку фабриките чекаат да помине период од шест месеци, односно еден месец од вработувањето, потребата од упатување може повеќе да не постои.

Поради тоа, иако предложените решенија претставуваат исчекор во позитивна насока во однос на важечките, се предлага целосно да се отстрани условот за претходно вработување во период од шест, односно еден месец за странското правно лице да може да упатува работници и практиканти на територијата на нашата држава.

**Член 37**

Во член 131 ставот (1) се менува и гласи;

„Условите од пет години, односно од три години непрекинат престој во Република Северна Македонија, предвидени во членот 129 став (1) и став (6) од овој закон се смета дека се исполнети ако странецот во периодот од пет години, односно три години пред поднесување на барањето за одобрување постојан престој, не престојувал надвор од Република Северна Македонија шест последователни месеци или во временски период што во вкупно траење не надминува десет месеци.“

Во член 131 во ставот (2) точката се заменува со запирка, а по зборот „продолжен“ се додаваат зборовите „но не подолго од 12 месеци во вкупно траење“.

**ПРЕДЛОГ: Предложената одредба да се дополни и да се предвиди дека по исклучок, условите од пет години, односно од три години непрекинат престој ќе се сметаат за исполнети и кога престојот на странецот надвор од територијата на Република Северна Македонија траел и подолго од шест последователни месеци или во временски период што во вкупно траење надминува десет месеци доколку тоа е од оправдани причини поради непредвидливи ситуации, пандемии и слично за време на кои може да биде ограничено движењето на луѓето.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Предложената одредба потребно е да се дополни и да се земе предвид дека во изминатиот период заради пандемијата на корона вирусот странците може да имаат подолг прекин во престојот на територијата на нашата држава од шест, односно десет месеци поради објективни вонредни причини како резултат на преземените мерки со цел справување и превенција на ширењето на вирусот.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

в.д. Оперативен директор
за развој, иновации и знаење,
м-р Михајло Донев